АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15 - 389/4
19.03 2018 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 1501
Рок на чување
19.03 2019 год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК ОД ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ОДРЖАНА НА 15.02.2018

На седницата на Државната изборна комисија свикана од претседателот д-р Кирил Пецаков присуствуваа д-р Гоце Бабоски и д-р Данчо Бизески. Отсуство најавија д-р Јосиф Ристевски и д-р Агрон Пашоли. На состанокот присутен беше и претседателот на ИО на СКМ д-р Маријан Денковски.

Претседателот на Државната изборна комисија го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

-Усвојување на Предлог-дневниот ред на седницата на Државната изборна комисија

1.Разгледување на пристигнати материјали од собирот на доктори одржан на 12.02.2018 година

2. Разгледување на пристигнати приговори до ЦИК

3. Разно

На почетокот на седницата претседателот на Комисијата д-р. Пецаков го прочита Предлог-дневниот ред и го стави на гласање

Дневниот ред беше едногласно усвоен.

1. По однос на оваа точка д-р Пецаков ги извести членовите за пристигнатиот материјал од регионите и започна со разгледување на истиот.

-РО ПРИЛЕП КРУШЕВО МАКЕДОНСКИ БРОД

Пристигнати се записници од состанокот на доктори, предлог делегати и листа со присутни членови на состанокот во овој РО. Фотокопија од лиценца, кратка биографија и изјава за прифаќање на кандидатура треба да достават: Дафина Богеска, Панде Бачаноски, Дејан Младеновиќ, Јован Гаганоски и Катерина Талимџиоска.

-РО АЕРОДРОМ

За овој регион пристигнати се сите потребни документи предвидени согласно правилникот за предлог делегати, нивни изјави, кратка биографија, копија од важечка лиценца.

-РО БИТОЛА СО РЕСЕН И ДЕМИР ХИСАР

Од овој регион недостасуваат само изјави, кратка биографија и копија од лиценца од: Александар Табакоски, Благој Попоски, Спасенија Георгиевска, Зоран Шушак, Андреја Рендески.

-РО ГОСТИВАР СО ДЕБАР, РО ТЕТОВО и РО ЧАИР СО БУТЕЛ, ШУТО ОРИЗАРИ и ЧУЧЕР САНДЕВО

Недостасуваат изјави, кратка биографија и копија од лиценца од сите кандидати кои се предлагаат за делегати.

-РО ВЕЛЕС

Доставени се сите потребни записници, листа на присутни доктори од собирот, предлог делегати како и нивни изјави, копии од лиценци и кратки биографии.

-РО КОЧАНИ СО ВИНИЦА

Од овој регион недостасуваат копија од лиценци од предлог делегатите и кратка биографија. Доставени се само изјави.

-РО ЦЕНТАР

Недостасуваат изјави, копија од лиценци и кратка биографија од Јулијана Николовска и Тања Дејановска.

-РО КАВАДАРЦИ НЕГОТИНО СО ДЕМИР КАПИЈА

Доставени се сите потребни документи за кандидатура, записници, листа за присуство и предлог делегати.

-РО КУМАНОВО СО КРАТОВО И КРИВА ПАЛАНКА и РО ОХРИД

Имаат доставено комплетна документација.

-РО ГАЗИ БАБА РО ГЕВГЕЛИЈА СО ДОЈРАН ВАЛАНДОВО И БОГДАНЦИ

Недостасуваат изјави, копија од лиценци и кратка биографија од предложените делегати.

-РО СТРУГА ВЕВЧАНИ

Само кандидатот Никола Деребан има доставено потполна кандидатура.

-РО КИСЕЛА ВОДА

Изјава, кратка биографија и копија од лиценца има доставено само Ѓорѓи Топузоски.

-РО КАРПОШ со ЃОРЧЕ ПЕТРОВ И САРАЈ

Цветанка Бајрактарова и Јордан Стојановски имаат доставено потполна документација.

-РО КИЧЕВО

Освен Наташа Петровска останатите немаат поднесено изјави, кратка биографија и копија од лиценца.

Претседателот на ЦИК д-р Кирил Пецаков по добиената документација ЦИК констатира дека до моментот на одржување на седницата документација немаат доставено РО СВЕТИ НИКОЛЕ со ПРОБИШТИП и МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА, РО ШТИП и РО СТРУМИЦА.

Утврдено е дека 19 од 22 регионални одбори имаат доставено документација. За кандидатите да ја доставаат својата кандидатура согласно правилникот имаат можност тоа да го сторат пет дена од денот на одржување на собирот на доктори по региони.

По точка 2, во однос на доставените приговори од: д-р Јасмин Фидоски за РО Аеродром, група доктори од РО Центар, РО Велес, доктори по стоматологија од РО СВЕТИ НИКОЛЕ, ПРОБИШТИП и МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА и група незадоволни доктори од РО ТЕТОВО.

Комисијата констатира дека времето за приговори е завршено. Д-р Гоце Бабоски се јави за збор и кажа дека согласно член 46 од правилникот овие приговори не се напишани според правилникот без податоци и потпис на лицата кои го поднесуваат. Комисијата врз основа на тоа не ги разгледува и сите едногласно ги одбива.

Под точка 3 разно комисијата даде напатствија за дополнително да се вклучат неколку млади колеги кои ќе ги обработат податоците за предлог делегати, со тоа што ќе ја проверуваат важноста на лиценцата, местото на живеење и местото на кандидатура.

Исто така под оваа точка се напомена дека и кандидатите чија важност на лиценца истекува на 15.03.2018 имаат обврска со истекот на старата да доставаат нова лиценца во понатамошната постапка за избор.

На крајот претседателот на ЦИК напомена дека останатите членови на комисијата беа навремено известени но поради одредени причини не се појавија на денешниот состанок, па затоа во наредниот период да бидат присутни сите членови на комисијата за да може непречено да тече постапката за изборите.

Со тоа се исцрпи дневниот ред и состанокот е завршен.

**Претседател на Државна изборна комисија**

Д-р Кирил Пецаков